This Project is funded by the European Union

# ОТВОРЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ ЗА
## *Интензивен летен курс за компјутери*

***Искористете го ова лето да научите нешто плус - стекнување на основни и напредни компјутерски вештини заради полесна транзиција на пазарот на труд.***

Иако не се пријавувате за работа која што е директно поврзана со специфично познавање на компјутерските програми, работодавачите сепак очекуваат дека сте запознаени со заеднички програми и апликации (како што се Microsoft Office). Исто така, ќе биде предност ако можете да покажете дека сте способни да научите брзо да го користите нарачаниот дел од софтверот.

Можете да ја демонстрирате вашата технолошка умешност преку вклучување на делот "ИТ вештини" на вашето CV - или преку обезбедување детали за тоа како сте користеле нарачан ИТ систем кога го пишувате вашето работно искуство на вашето CV или на формуларот за апликација.

Ромаверзитас Македонија е партнерска организација на Ромскиот едукативен фонд во Будимпешта (РЕФ) и како таква е назначена за учество во регионалниот проект "Зголемени можности за образование на Роми и млади Роми во Западен Балкан и Турција", финансиран од Европската Унија.

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во рамки на проектот: „Зголемување на пристапот и учеството на средношколците Роми во образованието и транзиција на пазарот на труд“, **Ве поканува да се пријавите на отворениот повик за учесници на интензивниот летен курс за компјутери кој што ќе се спроведува во период од 25 јуни до 31 август.**

### I За интензивниот летен курс по компјутери може да се пријават:

- Ученици запишани во јавните и приватните средни училишта во Република Македонија;

### II Потребен документ за аплицирање

- Пополнета електронска пријава (https://forms.gle/jGsFxV8LWMZ1dhKJ7 ) најдоцна до **24 Јуни 2019 година**

*** При селектирањето на учесници предност ќе се даде на ученици корисници на проектот. запишани во трета и четврта година во јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија.

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union